Тестирање МКС EN ISO/IEC 17025 ЛТ – 019 Testing

ISO 9001 Q-1074

# ПРЕДЛОГ ТЕКСТ НА АКТИВНОСТИ ВО СОЦИЈАЛНО-МЕДИЦИНСКАТА ДЕЈНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА СТАТИСТИКА И ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРЕДЛОГ НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ЗА 2015 ГОДИНА

Во **Одделението за социјална медицина** на ЦЈЗ-Скопје редовно се извршуваат задачи од областа на јавното здравје, а во врска со (1) спроведување на здравствено-статистички истражувања и информатика во здравството, (2) мапирање, организација, анализа и планирање на здравствените служби и (3) промоција на здравјето.

Одделението за социјална медицина континуирано и постојано работи на сеопфатно собирање на податоци преку прибирање на збирни и индивидуални здравствено-статистички извештаи кои со динамика воспоставена со важечката законска регулатива се доставуваат од сите здравствени установи на подрачјето на Скопскиот регион, кој ЦЈЗ-Скопје го покрива во целост. Следува софтверска обработка на податоците со помош на расположивите апликативни програми и врз основа на постоечките стручно-методолошки стандарди и упатства. Имено, по извршената логичка и математичка контрола се прави компјутерски внес на податоците. Се врши повторна контрола на податоците во излезните извештајни обрасци и табеларни прегледи. Понатаму, обработените податоци од амбулантно-поликлиничката дејност, специјализираната превентивна дејност, болничката дејност, лабораториската дејност, наставно-научната дејност во доменот на кадарот и аптекарската дејност, исто така, во доменот на кадарот, се користат за изготвување на извештаи, информации и анализи во вид на публикации. Ваквите публикации освен што ја следат и анализираат здравствената состојба на населението во целост и посебно кај одделни популациони групи, во нив се анализира и се следи и болничката смртност, се презентира мрежата на здравствени установи според видот, нивната организациона

структура, обезбеденоста со кадар, обемот на извршената работа и квалитетот на обезбедената здравствена заштита. Тие во себе содржат заклучоци и препораки за преземање на мерки и за спроведување на активности кои во иднина треба да придонесат за подобрување или разрешување на одредени прашања во врска со здравјето и здравствената заштита на населението.

Одделението управува со сопствената компјутерска мрежа и ја одржува опремата. Учествува во одржување на интернет технологијата и во одржување на веб-сајтот на Центарот.

## I. АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНО-СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА И ИНФОРМАТИКАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

Одделението за социјална медицина учествува во развој и имплементација на интегриран здравствен информатички систем во Републиката.

Работи на подобрување на постоечките и подготовка на нови софтверски решенија во чекор со задачите кои ги добива.

Прибира, обработува и анализира здравствено-статистички податоци од интерес за здравствената состојба на населението и работата на здравствените установи.

Формира, одржува и обработува индивидуални бази на податоци: за организационата структура и кадрите, за болнички лекуваните лица, за лица со хронични незаразни заболувања кои подлежат на индивидуално пријавување, за прекин на бременоста и породување.

Сумарно обработените податоци им ги доставува на надлежните установи и институции во пропишаните рокови.

Редовно изготвува публикации кои содржат информации за здравјето и здравствената заштита на населението во Регионот.

Во текот на годината, во континуитет, обезбедува стручно-методолошка помош за правилно изготвување и доставување на податоците (1) во објектот на Центарот при контакт со здравствените работници, и (2) преку планирани **теренски посети** во здравствени установи на подрачјето на Центарот.

Тогаш кога ќе се идентификува потреба за поопсежно разјаснување на одредени прашања кај одреден вид здравствени служби, организирана **обука** во објектот на Центарот во однапред закажани термини.

## 1. Програмска задача: Збирни евиденции

Збирните извештаи содржат податоци за организационата структура, кадарот, извршената работа и податоци за утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничката дејност. Во текот на 2015 година сите здравствени установи на територијата на Регионот треба да достават квартални збирни извештаи според видот на здравствената заштита и посебно збирен извештај за организационата структура и кадар со состојба на 31/12/2014 година.

Реализацијата на задачата се следи преку следните **индикатори**:

- Број на примени збирни извештаи со дефинирани здравствено-статистички податоци со квартална динамика на прием;
- % на опфат на здравствени установи;
- Број на подготвени и испратени полугодишни извештаи до ИЈЗ на Република Македонија.

Оваа задача се однесува на следните збирни извештаи:

| |
|---|
| Извештај на службата за општа медицина,  образец (3-01-60) |
| Извештај на специјалистичките служби, образец (3-01с-60) |
| Извештај на службата за медицина на труд, образец (3-02-60) |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца, образец (3-03-60) |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина, образец (3-04-60) |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени, образец (3-05-60) |
| Извештај за работата на службата за градни болести и туберкулоза, образец (3-06-60) |
| Извештај на службата за рехабилитација, (образец 3-08-60) |

| |
|---|
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите, (образец 3-09-60) |
| Извештај на службата за трансфузија, (образец 3-10-60) |
| Извештај за здравствено просветување, (образец 3-13-60) |
| Извештај за лаборатории, (образец 3-14-60) |
| Извештај за здравствена исправност на храна и предмети за општа употреба, (образец 3-15-60) |
| Извештај на службата за поливалентна патронажа, (образец 3-17-60) |
| Извештај на службата за болничко - стационарно лекување, (образец 3-21-60) |
| Извешај за организационата структура и кадарот во областа на здравството, (образец 3-00-60) |

**Рок на изготвување:** полугодишно и годишно (образец 3-00-60, образец 3-06-60) за подрачјето што го покрива Центарот.

**2. Програмска задача: Индивидуални евиденции**

Во текот на 2015 година, во Центарот, месечно, здравствените установи ќе доставуваат индивидуални извештаи.

Реализацијата на задачата ќе се следи преку следните **индикатори**:

- Број на примени индивидуални извештаи со дефинирани здравствено-статистички податоци со месечна динамика на прием
- % на опфат на здравствени установи
- Број на подготвени и испратени извештаи, месечно и годишно, до ИЈЗ на РМ.

Оваа задача се однесува на следните индивидуални извештаи:

| |
|---|
| Пријава на малигна неоплазма, образец бр. 3-35-86 |
| Индивидуален извештај за шеќерна болест, образец бр. МЗС - 02 |

| |
|---|
| Индивидулен извештај за исхемична болест на срцето, образец бр. МЗС - 03 |
| Инвидуален извештај за бубрежна инсуфициенција, образец бр. МЗС - 04 |
| Индивидуален извештај за психози, образец бр. МЗС - 05 |
| Индивидуален извештај за алкохолизам и други зависности, образец бр. МЗС - 06 |
| Пријава на професионална болест и на лице заболено или оштетено од професионална болест, образец бр. МЗС 3-36-86 |
| Индивидуален извештај за ревматска трска, образец бр. МЗС - 08 |
| Индивидуален извештај за интоксикација, образец бр. МЗС - 09 |
| Индивидуален извештај за сообраќајна траума, образец бр. МЗС-10 |
| Извештај за стационарно лекувано лице, образец бр. 3-21-61А |
| Пријава за породување, образец бр. 3-21-63 |
| Пријава за абортус, образец бр. 3-21-64 |

**Рок на изготвување:** месечно и годишно.

## II. ПРЕДЛОГ ИЗВЕШТАИ, ИНФОРМАЦИИ И АНАЛИЗИ ЗА 2015 ГОДИНА ВО ДОМЕНОТ НА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА НАСЕЛЕНИЕТО, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СКОПСКИОТ РЕГИОН, ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ:

Задачите и активностите ќе се изготвуваат на Одделението за социјална медицина во ЦЈЗ-Скопје во согласност со Националната годишна програма за јавно здравје за Република Македонија за 2015 година.

1. **Годишен извештај со евалуација на спроведените програмски активности на територијата на ЦЈЗ-Скопје во 2014 година**.

Целосен годишен извештај за вкупната работа на Одделението за социјална медицина во согласност со Националната програма за јавно здравје.

Рок на изготвување: јануари 2015 година.

2. **Анализа за искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи за 2014 година.**

Целосен опфат на сите болнички капацитети на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: март 2015 година.

3. **Информација за болест или состојба во зависност од актуелноста, нивното влијание врз вкупното здравје на населението на теритиријата на Центарот во 2014 година.**

Целосен опфат на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: март 2015 година.

4. **Анализа на вработениот кадар според нивото на здравствената заштита и видот на здравствената дејност** на територијата на ЦЈЗ-Скопје врз основа на Извештајот за вработен кадар во здравствените установи со состојба на 31 декември 2014 година (Извештај за организационата структура и кадарот во областа на здравството, Образец 3-00-60).

Целосен опфат на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: мај 2015 година

5. **Вкупен збирен извештај за вработен кадар во здравствените установи со состојба на 30 јуни 2015 година (Табела 1 од збирните извештаи по дејности-здравствени установи и здравствени работници, по места-пунктови, состојба 30. јуни 2015 година).**

Целосен опфат на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: септември 2015 година

6. **Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во 2014 година.**

Целосен опфат на регистрираниот морбидитет и морталитет во сите болнички капацитети на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: јуни 2014 година.

7. **Анализа на амбулантно-поликлинички морбидитет за 2014 година.**

Целосен опфат на сите здравствени капацитети на ниво на примарната здравствена заштита на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: јуни 2015 година.

8. **Извештај за здравјето на населението на територијата на Центарот, во 2014 година.**

Целосен опфат на сите расположиви извори на податоци за да се процени здравјето на населението на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: октомври 2015година.

9. **Информација за една вулнерабилна група,** состојбата на здравјето, достигнатиот степен на здравствена култура и здравствена заштита, приоритети за превенција.
Целосен опфат на сите расположиви извори на податоци за да се процени здравјето на една целена суппопулација на територијата на ЦЈЗ-Скопје.

Рок на изготвување: ноември 2015 година.

10. **Извештај за индикаторите за квалитет** од здравствените установи на територијата на ЦЈЗ-Скопје, а во согласност со Правилникот за видовите на индикаторите за квалитет на здравствената заштита.

Рок на изготвување: полугодишно.

**11. Предлог – Национална годишна програма за јавно здравје за 2016 година - предлог активности на Одделението за социјална медицина при ЦЈЗ-Скопје.**

Рок на изготвување: декември 2015 година.

## III. ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО – ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЦЈЗ-СКОПЈЕ

Здравствена едукација за целни групи на територијата на ЦЈЗ-Скопје во координација со единиците на локалната самоуправа, ИЈЗ на РМ и МЗ, преку практикување на подолу наведените методи.
Цел е да се таргетираат одредени јавно-здравствени прашања во заедницата на ниво на предучилишни и училишни установи, здравствени установи, установи за згрижување на стари лица.

**Едукативни предавања**, со опфатат на следните **теми:**

1. ***Превенција од акутни и хронични незаразни болести кај општата популација***.
2. ***Превенција од хронични незаразни заболувања - дијабет, малигни заболувања, депресија***, ќе се одржат во домовите за стари лица.
3. ***Исхрана и здравје - здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана***, во основни и средни училишта.

4. ***Лична хигиена и превенција од небезбедна вода за пиење***, во основни и средни училишта.
5. ***Здравствен бенефит од спроведување на редовна физичка активност***, во предучилишни установи и основни училишта.
6. ***Активности во периодот на детството, адолесценцијата и раниот адултен период***. Овие активности ќе бидат фокусирани на сексуалното и репродуктивно здравје, планирањето на семејството и безбедната бременост, адолесцентната бременост, сексуално преносливите болести и болестите на зависност.
7. ***Основни знаења за безбедност на храната,*** со широк опфат на општата популација.

Едукативните предавања во градинките, основните и средните училишта ќе се одржуваат во претпладневните часови – за време на наставата во училиштата, во координација со нивните педагошко-психолошки служби.

Во основните и средните училишта здравствената едукација ќе се спроведува од месец *февруари* до месец *мај* во учебната 2014/2015 година и од месец *септември* до месец *декември* во учебната 2015/2016 година.

Едукативните предавања ќе се реализираат во согласност со деталната Програма за работа на Отсекот за здравствено воспитание за 2015 година во поглед на место на одржување, време на одржување, број и опфат на подлежни лица.

Извештаите за извршената работа ќе се доставуваат **квартално**, со број на остварени предавања и други активности и број на опфатени учесници според наведените теми.

**Едукативни трибини.**

Ќе вклучат кратко едукативно предавање и дискусија за јавно-здравствени прашања од интерес, во координација со ИЈЗ на Република Македонија и Министерството за здравство.

Реализацијата на овие активности ќе биде распоредена квартално, а Извештајот ќе содржи број на учесници според актуелната тема и местото на одржување.

**Изготвување на постери, флаери и брошури.**

Во согласност со темите експлоатирани на трибините ќе се изготват 4 флаери или брошури. Според тоа, реализацијата ќе биде квартална како и известувањето за подготвениот материјал и бројот на отпечатени и дистрибуирани флаери/брошури.

**Одбележување на светски денови, недели и месеци според СЗО и ОН.**

Ќе се реализира во координација со ИЈЗ и МЗ на РМ, континуирано во текот на годината, а известувањето ќе биде **квартално** преку бројот на реализирани одбележувања.

**Комуникација со јавните гласила и постирање на материјали на вебсајтот на Центарот.**

Активностите ќе бидат континуирани во зависност од нивото на јавниот интерес за актуелните случувања во областа на јавното здравје, а известувањето ќе биде **квартално** преку бројот на реализирани контакти и објавени материјали.

Истовремено, во 2015 година, ќе продолжат активностите во:

- **Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје** во текот на 2015 година насочени кон младите и адолесцентите, преку бесплатни совети, дистрибуција на кондоми и можност за доброволно ХИВ тестирање.

Реализацијата ќе тече континуирано во текот на годината, а известувањето ќе биде **квартално** преку бројот на едуцирани адолесценти, спроведени тестирања и дистрибуирани кондоми.

- **Советувалиштето за откажување од пушење**

И во текот на 2015 година активностите ќе останат насочени кон сите оние кои доброволно ќе покажат интерес за откажување од пушењето. Активностите ќе се одвиваат според веќе изготвениот Протокол за работа на советувалиштето, а Извештајот ќе го сумира бројот на лица кои ги користеле услугите на **годишно** ниво.

**Изготвил:**

Раководител на Одделението за социјална медицина, ЦЈЗ-Скопје,

Прим. д-р сци. Весна Спирова